**Финансирањето од страна на Општина Велес и нејзината соработка со граѓанскиот сектор беше главната тема на средбата на граѓанските организации** (ГО) за време на Мобилниот ресурсен центар кој се одржа
во соработка со
 Фондацијата Фокус
на 24 октомври 2018 година.
**Организациите беа согласни дека Општината треба да најде соодветен механизам за вклучување на ГО во своето работење како партнери**
, со кои заеднички ќе делува за доброто на граѓаните.



„Особено е важно граѓанскиот сектор повторно да ја стекне довербата од општините со веќе изграден капацитет, искуство и постигнати резултати **и заедно да ја надградат соработката преку креирање нови услуги и сервиси, се со цел да се зголеми квалитетот на живеење на граѓаните во локалните заедници**“
, истакна Димче Велев од Здружението на лица заболени со дијабетес „Шеќерче-Lollipop“. Тој додаде дека е потребно да постојат сериозни критериуми за соработка и делегирање надлежност кон граѓанските организации, а тие пак, да бидат посветени, транспарентни и отчетни во работата.

На средбата, учесниците ги истакнаа **своите приоритети како што се: потребата од градење капацитети за подготвување проектни апликации, социјално претприемништво, како и навремено информирање за тековните случувања, активностите и можностите за финансирање на организациите.**

Тимот на Граѓанскиот ресурсен центар, покрај презентацијата на проектните активности, ги информираше организациите и за надлежностите, составот и функционирањето на Советот за соработка и развој на граѓанскиот сектор, како и за приоритетите и активностите планирани во рамки на новата Стратегија за соработка и

развој на граѓанскиот сектор 2018-2020.

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.